**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за планирање и уредување на просторот**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

**ПОВЕРЕНИК:** **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот**

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – косовска бригада“ – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37” со водоводна мрежа**

Скопје, јули 2026 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија." бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија број 79/09" и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), Советот на Град Скопје на _________седницата одржана на ____________2026 година донесе

**О Д Л У К А**

за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – косовска бригада" – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37'' со водоводна мрежа

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – косовска бригада" – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37'' со водоводна мрежа во Скопје и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

Член 2

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука изнесува 16.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно 13.120.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 16.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, обезбедени од ставка ЈДА 482 од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Општината Шуто Оризари во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови.

Средствата од став 2 од овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 од оваа Одлука во согласност со прописите со кои се уредува санацијата на таков тип објекти преку јавните претпријатија чиј основач е Град Скопје.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор со Градоначалникот на Општина Шуто Оризари во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Број __________
________ 2026 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Даме Димитровски
_____________________

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија." бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија број 79/09" и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.241/24), согласно кои Советот на Градот Скопје е надлежен за донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка, која се воспоставува заради заедничко вршење работи од надлежност на општините и остварување на заеднички интереси и цели, поради што општините здружуваат финансиски, материјални и други средства.

Поаѓајќи од таквата можност, а по претходно утврдена потреба, за санација на ул. „Македонско – косовска бригада" – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37'' со водоводна мрежа во Скопје, аргументирана од администрациите на Град Скопје и Општина Шуто Оризари, како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети. Градоначалникот на Град Скопје предлага да се донесе Одлуката за воспоставување соработка со конкретно дефинирана цел.

Врз основа на проценка извршена од страна на јавните претпријатија основани од Град Скопје, констатирано е дека за реализација на санацијата на ул. „Македонско – косовска бригада" – 38, санацијата на главната улица во населено место Горно Оризари и санацијата на ул. „37'' со водоводна мрежа, во Скопје потребни се 16.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа Одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

Изведбата на работите ќе се изведе од страна на јавните претпријатија, чиј основач е Град Скопје.

Општина Шуто Оризари во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови.

Град Скопје со оваа Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – косовска бригада" – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37'' со водоводна мрежа има за цел да подобри локалната патна и комунална инфраструктура.

Врз основа на горе наведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за санација на ул. „Македонско – косовска бригада" – 38, санација на главната улица во населено место Горно Оризари и санација на ул. „37'' со водоводна мрежа.